Бр.____________

_______________2019 година

С к о п ј е

# ИЗВЕШТАЈ

## за антикорупциска проверка на Законот за трговските друштва

(со фокус на одредбата кој ги дефинира ограничувањата за избор)

**Наслов:**

Закон за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр.18/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18)

**Доставено барање мислење од овластен предлагач/по сопствена иницијатива :**

По сопствена иницијатива, врз основна на член 17 став 1 точка 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/2019).

**Област:**

Економија

## Генерална оценка

**1. Осврт на барањето :**

Со законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр.18/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18) се уредуваат прашања кои се однесуваат на трговските друштва и неговата примена, подетално наведени во член 1 и 2 од Законот.)

**2. Разгледани / консултирани дополнителни материјали**:

Одлуки на Уставниот суд на Република Македонија, под У.бр.177/05 од 24.05.2006 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија"бр.71/06; У.бр.177/08 од 14.01.2009, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр.1/2009; У.бр.153/2008 од 11.02.2009, објавена во „Службен весник на Македонија"бр.23/09; У.бр.75/2010 од 12.01.2011 објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр.

8/11; У.бр.169/10 од 09.02.2011, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 21/2011 и У.бр.38/2018 од 12.12.2018 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр.239/2018.

Државната Комисија за спречување на корупција, врз основа на член 17 став 1 точка 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија " бр.12/2019), а согласно со Методологијата за антикорупциска проверка на легислативата, по спроведената антикорупциска проверка на одредбите од Законот за трговските друштва, го донесе следниот:

## ЗАКЛУЧОК

Државната комисија за спречување на корупција по извршената анализа и оценка на одредбите од Законот за трговските друштва, најде на постоење на недостатоци кои можат да продуцираат ризици од корупција и судир на интереси.

### Образложение

Државната комисија за спречување на корупцијата по сопствена иницијатива спроведе антикорупциска проверка на одредбите од Законот за трговските друштва со кои се уредуваат ограничувањата за избор на членовите на органот на управување, односно на надзорниот одбор.

По спроведената антикорупциска проверка Државната комисија констатираше дека одредбите од Законот за трговските друштва, со кои се уредува ограничувањата за избор на членовите на органот на управување, односно на надзорниот одбор, може да продуцираат ризици од корупција и судир на интереси.

Имено, со членот 346 од Законот за трговските друштва се пропишани ограничувања за избор на членовите на органот на управување, односно на надзорниот одбор.

Според член 346 став 1 неизвршен член на одборот на директори, односно член на надзорниот одбор во исто време не може да биде избран во повеќе од пет одбори на директори, како неизвршен член, како ни во повеќе од пет надзорни одбори на акционерски друштва со седиште во Р. Македонија.

Според став 2 од истиот член, извршен член на одборот на директори и член на управниот одбор не може да биде избран за извршен член на одбор на директори, односно за член на управен одбор во други акционерски друштва со седиште во Р. Македонија, освен во банки, во друштва за осигурување и во други друштва ако тоа е определено со закон.

Според ставот 3, извршен член на одборот на директори и член на управен одбор може да биде избран за неизвршен член, како и за член на надзорен одбор најмногу во пет други акционерски друштва со седиште во Р. Македонија.

Согласно со член 3 став 1 т.19 од Законот за трговските друштва под извршен член на одбор на директори се смета физичко лице кое е член на одборот на директори, кому одборот на директори му го доверил секојдневното управување со друштвото.

Неизвршен член на одборот на директори во смисла на член 3 став 1 т.26 од истиот закон по правило, е физичко лице член на одборот на директори кое нема извршна функција во друштвото и чии овластувања се однесуваат, во прв ред, на општото управување и надзор на управувањето со друштвото.

Според т.34 од споменатиот член, орган на управување е орган во акционерско друштво (АД) кому му е доверено управувањето на друштвото како на одбор на директори во едностепениот систем на управување, на управен одбор или на управител на двостепениот систем на управување, односно на управител, односно управители или органот во којшто тие се организирани во командитно друштво, во командитно друштво со акции и во друштво со ограничена одговорност.

Орган на надзор, според т.35 од член 3 став 1 од споменатиот закон, е орган во друштвото со ограничена одговорност, односно во акционерското друштво (надзорен одбор или контролор) чии овластувања се поврзани со надзорот на работењето на друштвото, а особено на работата на органите на управување.

Од анализата на гореспоменатите одредби, може да се констатира дека неизвршен член на одборот на директори ( кај едностепениот систем на управување), односно член на надзорниот одбор (кај двостепениот ситем на управување ) во исто време може да биде избран во пет одбори на директори, како неизвршен член, односно во пет надзорни одбори на акционерски друштва со седиште во Република Македонија. Исто така Извршен член на одборот на директори и член на управен одбор може да биде избран за неизвршен член како и за член на надзорен одбор најмногу во пет други акционерски друштва со седиште во Р. Македонија. Ваквата можност дадена во Законот за трговските друштва од аспект на одредбите од истиот закон, а особено имајќи ги предвид вградените заштитни механизми во истиот закон преку забрана за конкуренција (член 348 ) и заштитните механизми за спречување судир на интереси (член 349) остава впечаток дека во најголем дел е обессилена за продуцирање на ризик од корупција и судир на интереси, односно со заштитните механизми пропишани во посочените членови од законот, ризикот од корупција и судир на интереси е сведен на минимум.

Меѓутоа ваквиот првичен впечаток може да биде нереален и истиот да не е одраз на реалната состојба. Имено се чини логично ваквата оставена можност во членот 346 од Законот за трговските друштва (ЗТД) да биде разгледана од два аспекта и тоа од аспект кога истата се применува кај трговски друштва во приватна сопственост и од аспект кога се применува кај трговски друштва, односно правните лица каде доминантен сопственик е државата.

Гледано во првиот случај, односно примената на дадена можност кај трговските друштва чиј капитал е во приватна сопственост, се чини, како што е и потенцирано погоре, дека вградените заштитни механизми се релевантен и ефикасен браник за минимизирање на ризиците од корупција и судирот на интереси.

Што се однесува на примената на посочената можност кај трговските друштва, односно кај правните лица со доминантен државен капитал создава експлицитна состојба на судир на интереси кај лицата кои и со изборот за извршен член на одбор на директори или член на управен одбор, односно со изборот на неизвршен член на одбор на директор или член на надзорен одбор, се стекнуваат со статус на избрано и именувано лице, така што со изборот и во други одбори на директори како извршен или неизвршен член односно член на управен одбор, односно надзорен одбор (најмногу до 5 одбори) избраното-именуваното лице се наоѓа во состојба на судир на интереси.

Од наведеното произлегува дека член 346 од ЗТД во случај кога се применува кај трговските друштва, односно правните лица со доминантен државен капитал продуцира состојба на судир на интереси и е ризик фактор за корупција. Кон ваква состојба особено води тоа што одредбата не прави дистинкција на трговските друштва во однос на тоа кој е доминантен сопственик на капиталот ( приватен или државен), односно не е предвидена никаква бариера која би се однесувала за трговските друштва, односно правните лица кои се со доминантен државен капитал. Поради ова предметната одредба од ЗТД во најмала рака е во спротивност со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (член 44 став 4 и 5 и член 49 став 1 ) и е потенцијален ризик фактор за продуцирање на судир на интереси и корупција во трговските друштва, односно правните лица кои се во доминантна сопственост на државата.

## Можните штети што би се предизвикале од примена на Законот

Правните недостатоци во смисла на недефинирање-неправењето на јасна дистинкција во предметната одредба, по однос на тоа кој има доминантна сопственост врз трговските друштва, односно правните лица, во чии одбори одредено лице истовремено-повеќекратно е избрано, односно именувано, остава премногу простор за злоупотреба и претставува ризик фактор за создавање состојба на судир на интереси и креирање ризици за корупција.

## Заклучоци и препораки

Државната комисија за спречување на корупција по извршената анализа и оценка на Законот за трговските друштва (ЗТД) најде на постоење на недостатоци кои можат да продуцираат ризици од корупција и судир на интереси поради што заклучи дека е потребно преоценување на член 346 од ЗТД, заради отстранување на ризиците и тоа во насока на:

- Усогласување на член 346 од Законот за трговските друштва со член 44 и член 49 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.
- Дефинирање на експлицитни ограничувачки елементи во член 346 од ЗТД, со што би се ограничила можноста истовремено да се членува во одбори на повеќе акционерски друштва со седиште во Р.С.Македонија, а кои се со доминантен државен капитал.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил С.Ѓорѓески :
Одобрил Н.Бајрами, член на ДКСК: